# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.192 од 05.11.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за ревизија (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14 и 145/15), во член 27-в во ставот (5) зборот ,,еднаш" се заменува со зборот ,,двапати".

Во ставот (7) по зборот ,,одлучува" се додаваат зборовите ,,најмалку 30% од", а по зборот ,,отстранети" се додаваат зборовите ,,и заменети со нови".

**Член 2**

Во членот 27-г пред зборот „Стручните" се додава бројот „(1)", а по зборовите ,,ги врши Институтот" се додаваат зборовите ,,за што претседателот на Институтот определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот".

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) На одговорното лице од став (1) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Институтот донесува решение."

**Член 3**

Во членот 27-ѕ ставот (1) се брише.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (1) и (2).

**Член 4**

Во членот 27-и ставот (2) се менува и гласи:

,,Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страната на Институтот и Јавниот радиодифузен сервис."

По ставот (5) се додаваат пет нови става (6), (7), (8), (9) и (10) кои гласат:

,,(6) На претставниците од став (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Институтот донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(8) Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена, и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира трichлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Институтот најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија."

**Член 5**

Во членот 27-ј во ставот (7) по зборот „сесија" точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на стручниот испит во траење од три години, за што Институтот донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението."

**Член 6**

Во членот 27-т ставот (4) се менува и гласи:

,,Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно член 27 од овој закон, за што доставува извештај до Институтот.

Ставот (5) се менува и гласи:

На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Институтот донесува решение."

**Член 7**

По членот 43-а се додаваат три нови члена 43-б, 43-в и 43-г кои гласат:

**„Член 43-б**

Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казни одговорното лице од член 27-г став (1) од овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

**Член 43-в**

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на член 27-ј ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

**Член 43-г**

Со глоба од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на Комисијата за ревизија од член 27-т став (3) од овој закон доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до Институтот."

**Член 8**

Во членот 44-а по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот доколку не го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот."

По ставот (3) кој станува став (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Глоба во износ од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на лицата од членот 27-и став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на член 27-ј ставови (2), (3) и (4) од овој закон."

**Член 9**

Во членот 44-г став (1) зборовите „44-а и 44-в" се заменуваат со зборовите „43-б, 43-в, 43-г, 44-а и 44-в".

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".